

***Мозаик Преображение, 565 г. во манастирот посветен на Св. Катерина Александриска, на полуостровот Синај, изграден од македонскиот византиски император Јустинијан I (роден во с. Таор, Скопско)***

Преобразбата на Исус воспоставува духовен мост за Христијанската вера која го подготвува битието создадено од Бог да верува во премин од временско во вечно, од земно во небесно постоење, мост на славата и радоста на човековиот род, после земните неправди и страдања.

Преображението на Исус Христос е реална состојба која ги има уверено тројцата светители, Петар, Јаков и Јован, три години пред Христовото Воскресение, дека Исус ќе го исполни своето ветување: со духовна борба против гревот да ги преобрази и СПАСИ верниците, учесници во божествената величественост. Во *Второто Доаѓање* на Исус на земјата, неговото милениумско владеење, и во вечноста.

Преображението на Исус Христос од човек во Бог и во човек, е сведоштво запишано од апостолите Петар, Јаков и Јован, и прифатено од останатите евангелисти. Тоа е Библиско предание, за народот тогаш и за народите кои ќе ја прифаќаат христијанската вера како духовна историја на светот, и како пат кон вечноста.

Настанот се случил есента 29та година од раѓањето на Исус. Исус ги повикал своите тројца ученици на ноќна молитва во планината Тавор, Галилеја, за да им посведочи дека верниците во Бог ќе можат да заслужат преобразба од телесна во духовна природа. Пораката на овој чудесно величествен настан е дека сите суштества нема да завршат во бесконечна смрт, туку ќе се спасени, преобразени од материја која угинува во обоженост која не исчезнува. Патот до тоа Спасението е во следење на 10те закони за очовечување дадени од Бог преку Мојсеј, и во вистината и милоста низ земното усовршување, осведочено во безгрешното делување на Богочовекот на Земјата, Исус

Христос. (Нов Завет, Јован 1:17)

Надвор од Православната црква Преображението не е вообичаено да се празнува, иако тоа има суштинско значење како предпремиера пред Воскресението. (Матеја 17: 1-9; Марко 9: 2-8; Лука 9: 28-36). Преобразбата на Исус означува и *назад кон иднината*, за човештвото да ја проследи Старозаветната историја на очекуваниот Спасител, и да се подготвува, да се трансформира, да се осознава и просветлува во умот, срцето и духот, преку сведоштвата на Исус во Новиот Завет.



Преображение, Андреј Рубљов, 1405, Русија

Преображението во перцепцијата на новодобските анти-христијани е еден вид хипноза или магија изведувана пред следбениците на Исус. Новодобските школи за вештерство во Индија, САД или Европа се во спротивност со божествената универзална, вселената моќ на Создавачот на СЕ.

Библијата кажува дека Исус се преобразил во светлина посилна од сончевата, а науката за физика се надоврзува со свои толкувања на овој настан како потенцијално научен феномен.

Квантната физика теоретски смета дека знае: светлината ја сочинуваат брановидни фотони, а кога се надмине брината на светлината, Времето, претпоставено како четврта димензија, престанува да постои. Ајнштајновата равенка E = mc2 само наведува

на претпоставката дека брзината на светлината е во сооднос со материјата и енергијата, или дека термонуклеарната моќ од универзумот создава фузија и физија.

Некои христијански научници шпекулираат дека дошло до промена на атомската структура во земното тело на Исус со толкава брзина што материјалната природа на неговото тело го забрзала својот еквивалент, енергијата, преминала во Вечноста - времето како петта димензијата, се претворила во небесна светлина и потоа одново се вратила во земното тело.

Но, дали Вечноста е мерлива во земни лаборатории? Дали духовната суштина е енергетски опфатена со формулата на Ајнштајн, зашто и тој е создаден од Авторот на Вселената? Одговорите се наоѓаат во верата, а таа е всадена во кодот на секој поединец, и народ. Се’ додека трансхуманите идеологии можеби не ја избришат и таа содржина на свеста? Ако успеат. Тоа само Создавачот на вселената и на човекот го знае. И го контролира.



**Марија Емилија Кукубајска**